СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осмото продолжение на 74-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 септември 1997 година

Скопје, септември 1997 година

**8 ( ОСМО ) ПРОДОЛЖШШЕ ЖА 74 -та СЕДЖИЦА ЖА СОБРАЖИЕТО 1А РЕПЈБЛИКА МАКЕД01ИЈА,ОДРЖАНА ЖА 11. IX. 1997 ГОДИЖА**

Дискутанти:

1. АБДИ ФАИК - 23
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 29, 32
3. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 20
4. КАДРИУ ЗЕКИР – 10
5. МИНОВ ПАНЧЕ - 2, 26, 27
6. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1... (води седница )
7. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 21, 27
8. ПУРДЕ НАЏИ - 38, 40
9. РАМАДАНИ САЛИ - 3, 10, 41
10. РАМАДАНИ ХИСЕН - 13
11. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 16, 17
12. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 25
13. ТАИРИ МЕВЉАН - 15
14. ТУДА РАМИ - 28
15. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 37
16. ШАКИРИ ХИСНИ - 34, 35

Дневен ред:

Т.21-стр.1- Предлог за одземање на мандатот на пратен,ка Собр. на Арбен Џафери

Т.-26-стр.42

- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Осмото продолжение на 74-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11.09.1997 година

Седницата се одржа во Собранието на РМ во сала бр.1 во 11,40 часот.

Со седницата продолжи да раководи г-динот Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа со 74-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Теодосие Паунов, Стојан Андов, Владимир Соколовски, Александар Гештаковски, Митко Ристовски, Ратка Куљан-Зографска, Исмет Рамадани, Газменд Ајдарага, Димче Настоски, Стојче Ковачевски, Нано Ружин, Борис Костаќев Игнатие Богдановски, Атанас Вангелов, Живко Јанкуловски и Драгољуб Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на седници и Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 21 - Предлог за одземање на мандатот на пратеникот во Собранието на Република Македонија Арбен Џафери.

Извештајот со Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања ви е доставен.

Согласно член 65 став 4 од Уставот на Република Македонија одземањето на мандатот го утврдува Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Панче Минов.

I/2 нн/вц

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Во својство на претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања известувам за работата на Комисијата по однос на прашањето покренато како иницијатива од колегата пратеник Томислав Стојановски со предлог големиот период на отсуство од присуство и работа во одлучувањето на Собранието на Република Македонија на пратеникот Арбен Џафери да се разгледа од аспект на исполнетост на условите на неоправдано отсуство од работата и одлучувањето на Собранието согласно член 65 став 4 од Уставот на Република Македонија заради одземање на неговиот мандат како пратеник.

Ние расправајќи по оваа иницијатива прашањето го третира! од аспект на причините за отсуство кое е евидентно и за еден многу долг период, се работи за отсуство на пратеникот Арбен Џафери од 17 јули 1995 година до денес и Комисијата по втор пат третирајќи го прашањето за причините за отсуство од аспект на политички карактер на тие причини по втор пат го утврди ставот дека политичките причини не се исполнетост на условите како третираше на неоправдано отсуство од работата и одлучувањето на Парламентот.

Но, кореспондирајќи со наводите во иницијативата од пратеникот Стојановски од аспект на застапеност на бирачите, тргнувајќи од кандидатурата на пратеникот Арбен Џафери како независен кандидат неговиот избор и од тој аспект обврската за застапување на правата и интересите на бирачите и отсуството на можност во тоа застапување на правата и интересите да се изразат истите како граѓани бирачи од односната изборна единица преку пратеникот Џафери во Парламентот како прв факт.

И втор момент имајќи го предвид дека е неспорно да во конкретниот случај се работи за неостварување на функцијата пратеник

односно остварување на правата и обврските како пратеник во Парламента во Република Македонија. Морам да кажам имајќи го во предвид и моралниот аспект на долг период на отсуство од работата и одлучувањето на Парламентот, а виза ви тоа примање на плата и други надоместоци како пратеник и други настапи во медиумите од политички карактер Комисијата одлучи да му предложи на Собранието, кое што го утврдува престанокот на мандатот на пратеник согласно член 65 став 4 од Уставот на Република Македонија на пратеникот Арбен Џафери да му се одземе мандатот за пратеник во Собранието на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници сакам да ве информирам дека во овој момент во галеријата нашата седница ја следи и г-дин Исмет Сезгин, министер за одбрана на Република Турција.

(аплауз)

Секако уште една потврда за извонредно добрите односи меѓу Македонија и Р. Турција и му посакуваме успех во неговата мисија и, се разбира успешен престој во нашата земја.

Продолжуваме со расправа.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Со денеска некој пат последен или меѓу последните некојпат прв или меѓу првите, према потребата, према случајот, према точката која се наоѓа на дневен ред.

Вистината за случајот Арбен Џафери, пратеник може да се третира и анализира по четири сегменти, аголи, аспекти или приоди од страна на четири фактори.

Прво, од сегментот на неговите избирачи односно на неговиот електорат на изборната единица бр.74-Тетово.

Второ од аголот на неговата партија т.е. Демократската партија на Албанците

Трето, од аспектот на парламентарната група на ДПА и

Четврто од приодот на и во Собранието на РМ.

Дали Арбен Џафери пратеник е во право или не што не доаѓа повеќе од две години во овој Парламент и можеби е единствен пратеник кој не излегол ниеднаш пред говорницата на истиот Парламент, за првиот сегмент, вториот агол и третиот аспекти надлежни се да водат расправа и да заземаат став првите три фактори т.е. неговите избирачи, неговата партија и неговата парламентарна група додека за четвртиот приод надлежно е Собранието на Република Македонија чиј член т.е. пратеник скоро три години е и г-дин Арбен Џафери.

Поради овие причини ние денеска расправаме тука во овој Парламент за одземање односно неодземање на мандатот на пратеникот Џафери.

Една албанска народна поговорка вели: "ти ме гурин ул ме букан" што во слободен превод би било "ти со каменот, јас со лебот", со порака дека лебот добил, добива и ќе добива секогаш над каменот. Тоа значи дека лебот бил е и ќе остане- појак од каменот. Т.е. ако некој те удри со камен ти не треба да му возвратиш на ист начин туку ќе му дадеш леб, ќе го раниш, значи со добро и со тоа треба да се засрамиш т.е. на лошото со добро. Додека пак тој лошото ќе го најде од друг човек, односно од нечовек каков што е тој значи на друга и од друга страна и со лебот ќе се заслепува

Ќе почнеме повторно од фундаментито на правниот акт на нашиот систем од актуелниот устав на Република Македонија.

Како што беше веќе изнесено во членот 65 став 4 на- вистина стои "на пратеникот може да му биде одземен мандатот и за неоправдано отсуство од Собранието повеќе од шест месеци. Одземањето на мандатот го утврдува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници".

Прво, тука е дискутабилно и уставната одредба, да ни е јасно вели: "може да му биде одземен мандатот на одреден пратеник" но не мора. Значи алтернативно и остварено во слободна оценка т.е. по дискреционо право.

Второ за неоправдано отсуство, пишува во Уставот, повеќе од шест месеци па се поставува прашањето кога се направија шест месец^ Дали сега овие денови, оваа недела овој месец, овие месеци, па макар уште шест други месеци да поминеле т.е. дупло 12. месеци односно една година или пак поминаа повеќе од две години. Се поставува другото прашање зошто на пратеникот Арбен Џафери не му е одземен мандатот после шест месеци на неговото отсуство или пак после една година. Зошто после една година беше предложено одземањето на мандатот на пратеникот Арбен Џафери кој тогаш дојде во канцеларијата на пратеничката група на ПДП-НДП сега ДПА за да присуствува, а изгледа и да се изјасни сам на седницата.

Меѓутоа, на апсурден и тих начин во спротивност со деловничклите одредби се симна таа точка од дневен ред без никакво образложение додека после неколку дена се произнесе истата комисија преку средствата за јавно информирање дека на пратеникот Арбен Џафери нема да му се одземе мандатот бидејќи неговото отсуство од Собранието е од политички систем.

Па, што е сега со истата комисија г-да? Зошто истата Комисија предлага одземање на мандатот на Арбен Џафери? Дали се изменија или отпаднале тие исти политички причини? Не другари господа. Ниту се изменија, ниту отпаѓале тие политички причини, а ниту пак постоеле тогаш, ниту постојат сега како некој од страна или од внатре ги замислува односно ги измислува. Тие т.н. политички причини навистина постојат, меѓутоа немаат никаква врска со пратеникот Арбен Џафери туку со пратеничката група на ПДПА-НДП, сега ДПА и нејзините пратеници, а посебно со вашиот соговорник. Со измислувањето на тие политички причини се направи уште еден невешт, перфиден, камуфлиран и апсурден, но и наивен скандалозен обид да на тој начин се из- мами можеби нашата парламентарна група, на ПДПА-НДП сега ДПА, а посебно вашиот соговорник токму тогаш кога би апстинирале скоро шест месеци по втор пат од работата на Собранието на Република Македонија, па можеби под претекст дека овие шест пратеници можат да не присуствуваат повеќе од шест месеци дека и нив не може наводно да им се одземе мандатот од исти причини, а утредента т.е. после шест месеци и еден ден, потенцирам и еден ден да им се одземе веднаш мандатот на сите, а посебно на соговорникот. И на ваков начин да се елиминираат тотално од политичката сцена бидејќи е видливо дека на некого му сметаат односно му сметам.

Тоа се потврдува и со нивните намешталки за време на локалните избори и со ургентното одење на службено лице од Собранието на Република Македонија до Струга кога се појави со изненадување и неочекување нормалната и договорената ротација на координаторот со едногодишен мандат утврдено со заедничката писмена спогодба при основањето на парламентарната група на ПДП-НДП сега ДПА на 2 ноември 1995 година.

Меѓутоа кога веќе и овој обид некому од страна и внатре не му успеа, кога со доаѓањето на многу квалитетниот пратеник и искусен политичар г-динот Наџи Пурде, кога не само што не се рас- падна нашата пратеничка група туку со седум пратеници и се форсираше сега дојде времето да се исценира уште една трагедикомедија, уште една фарса со повторувањето на иницијативата односно предлогот за одземање на мандатот на пратеникот Арбен Џафери.

Трето, тоа нема ни законска основа.

Четврто тоа нема ни деловничка основа бидејќи во ниеден од членовите 74 до 78 кои се однесуваат на престанокот на мандатот овој случај не е предвиден г-да да ви е јасно.

Овој дом нема никакво право да му го одземе мандатот на пратеникот Арбен Џафери ниту морално ниту материјално, ниту нормативно право на сите да ви е јасно.

Со неговото отсуство скоро две години т.е. повеќе владеачката партија на СДС Владата и ова Собрание какви што се не само што не губат ништо туку напротив добиваат и се спасуваат уште од еден конструктивен можен дискутант и против гласач со кого нема да му беше така лесно и сеедно на мнозинството како што не им беше и сеедно на неколку позиционери, како што беше и на телевизиски дуел и со проф.д-р Љубомир Фрчковски, екс министер иако и актуелниот претседател на Владејачката Влада г-динот Бранко Црвенковски на СДС и на други затоа што како пратеник во ова собрание г-динот Арбен Џафери, на нивниот мајчин македонски јазик ги дисквалифицираше катастрофално. Тоа е точно. Па и поради овие причини под нормални услови нема сила која може да му го одземе мандатот на пратеникот Арбен Џафери. Никој нема ни зорт, ни можност, ни причини ни потреба да му се одземе мандатот на пратеникот Арбен Џафери.

Ако е некој господа хендикепиран, а некој има потреба, зорт, причина од отсуството на пратеникот Арбен Џафери од Собранието на Република Македонија тоа е на прв ред мојата пратеничка група на ДПА без еден член без еден конструктивен пратеник. Па, еве да речеме дека овој дом ќе се пушти во авантура ќе обезбеди двотретинско мнозинство и ќе му го одземе мандатот на пратеникот Арбен Џафери. Сигурно дека тој на дополнителните избори во неговата изборна единица нема веќе да се кандидира затоа што тоа нема логика. Тоа е точно. Нема смисла и не сака затоа што тој го игворира овој парламент, меѓутоа, оваа изборна единица е центар на најквалитетните албански интелектуалци не само во Тетово туку и во Република Македонија воопшто и пошироко на негово место. Не само што добива повторно секогаш кандидатот на ДПА т.е. на демократската партија на албанците во соработка со електоратот, со мојата парламентарна група и со мене, туку со неговиот авторитет и нашиот ќе предлагаме кандидат од видот на албански Штраус или Шоте Галиса, или Султана е Ќавас, многу поквалитетни од мене и од Арбен Џафери и во Парламентот ќе имаме сосема друг распоред на сили не само меѓу албанците туку и воопшто,

(зборува нешто на јазик што не се разбира) за вас мнозинство.

Ние како парламентарна група и како партија можеме да имаме интерни релации и дебати за отсуството на пратеникот Арбен Џафери, меѓутоа, тие се наши интерни работи. Неговото отсуство од Собранието на Република Македонија пратеникот Арбен Џафери со писмо до овој дом и за пошироката внатрешна и меѓународна јавност го образложи неколку пати и од негов аспект тој е во право. Ако мафијата нема уште и некоја друга позадина. Внатрешните причини се наша работа, додека ако има интимни, лични тоа е негова работа.

По однос на мнозинството во ова Собранието тој е во право господа. Во однос на пратеничката група на ДПА тоа е наше право. По однос на електоратот, т.е. на избирачите на неговата изборна единица т.е на неговите избирачи.

II/1.- ЈП/ВБ

**САЛИ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Во однос на неговата и мојата партија, т.е. на Демократ- ската партија на Албанците. Додека овој состав на Парламентот нема никакво право да му го одзема мандатот на пратеникот Арбен Џафери. Зошто? затоа што после распаѓањето на Сојузот за Македонија 95, од- носно сега токму 94 пратеници на СДС, сега Либерално демократска партија и Социјалистичката партија немаат веќе ни дефакто ни де јуре за себе, а камо ли за други и како такви не можат да му одземат мандат за пратеник, со мандат, со легитимитет, бидејќи сами се и легитимни т.е. без легитимитет. Тоа е точно. Впрочем, и легитимен е и самиот Парламент, затоа што такво е мнозинството во него. Затоа, фовадис Парламент на Република Македонија. Затоа, далеку од нова авантура на пратеникот со мандат на г-динот Арбен Џафери не можат да му се одземе мандатот, апсолутното мнозинство на овој Парламент, кое нема мандат за себе. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор?

Има збор г-дин Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, г-дине претседателе, можеби најмалку е потребно и јас денес да излезам на говорница и во конкретниов и овој случај да расправа за г-дин Арбен Џафери, но жалам што во отсуство на тие големи работи што треба овој Парламент да ги расправа, ете некојпат е принуден да разговара за некои помали работи што во конкретниов случај немаат некој ефект.

Прво, Арбен Џафери ниту има потреба да се брани од некого, а најмалку од нас и од нашата пратеничка група, но треба да се кажат некои зборови заради коректноста и заради иницијативата која се одолговлекува скоро две години. Зошто се прави ова, сигурно тоа го

знае само претседателот на Комисијата, кој верувам дека многу работи децидно ги знае. Сигурно и самиот иницијатор, кои сведоци сме дека покренувал неколку иницијативи, не само оваа иницијатива како пратеници сме сведоци дека токму овој пратеник покренувал и до Уставниот суд некои работи кои по мое убедување и по мое мислење длабоко ги заострува меѓунационалните односи во Западна Македонија, конкретно во Тетово. За тоа имаме аргументи и докази зошто оваа иницијатива токму во ова време се покренува, зошто оваа иницијатива паралелно иде со некои други иницијативи кои нормално се покренуваат од страна на Уставниот суд, зошто токму оваа иницијатива паралелно сака да му го одземе мандатот на пратеникот Арбен Џафери сега кога тензиите во Западниот дел во државата се заострени, токму кога се суди вчера од 1 септември од вчера и продолжува натаму, неуставното судење на градоначалникот на општина Гостивар, г-дин Руфи Османи и другите што беа од вчера казнети по 3 и повеќе години.

Јас се надевам дека овој Парламент ќе смогне сили за сериозните работи да се обрати како што треба и нормално да донесе заклучоци кои веројатно ќе бидат во корист и ќе одат во прилог на доброто на оваа држава. Во спротивно тие иницијативи нормално дека нема да донесат некој придонес што ќе има корист и оваа држава.

Ако смеам да кажам дека многу јасни и многу конкретни беа ставовите токму на г-дин Арбен Џафери, кој до моментот кога веќе не доаѓа во ова собрание, поднесе на тогашниот претседател на ова Собрание г-дин Стојан Андов една моција, во која моција децидно се наведуваат причините зошто тој самиот не доаѓа во овој Парламент. Јас накратко ќе ги наведам тие причини, а верувам дека на мнозинството од пратениците им е познато дека случајот, конкретно атакот што беше во Мала Речица, кога бил убиен Абдул Селам Емини, кога се покрена постапката против неколку професори од Тетовскиот универзитет по

едно кратко време кога се притвори и после се уапси ректорот на универзитет на Тетово г-дин Фаил Сулејмани, кога и ред тука во собранието почнувајќи од нашите клупи беа донесени огромни закони кои се во спротивност на интересите на Албанците што живеат во Македонија, кога се злоупотреби гласот на пратеникот Албанец, во принцип како што се кажува и во мета на тоа демократски форми и начини и кога сите ние како пратеници Албанци, без оглед на тоа што го претставуваме интересот и волјата на тој народ, во некои случаеви, не на некои случаеви туку од секогаш сме останале и сме биле принудени во духот на таканаречената демократија, а тоа демократија се знае колку е развиена тука, во Македонија останавме и ден денеска некои работи не ни идат како што треба, а жалам што и на актуелната власт уште и ден денеска не им се јасни. Можам да ги наведам неколку од тие закони што беа донесени, а јас ќе ги потсетам присутните пратеници, медиумите и сите што го следат ова, дека со донесување на некои закони, почнувајќи до тие што беа во процедура, а и ден денеска се одолговлечуваат значи, не се носат или не се ставаат во процедура за донесување, ги има многу, а и јас убеден сум дека или денеска или утре, или треба да ги сфатиме некои работи што треба да бидат во интерес на сите нас што живееме тука или треба еднаш за секогаш, некои проблеми добро, конкретно и јасно да ги објасниме.

Што се однесува за г-дин Арбен Џафери, јас нема ништо да кажам, верувам дека секој чесен пратеник што подлабоко ги мисли работите, нема да му дозволува тој луксуз на себе да крева рака и да му го одземе мандатот. Бидејќи со тој акт, мислам дека ништо нема да придонесеме, туку ќе ги влошиме некои работи што не ни се во интерес и не ни идат во наша корист.

Убеден сум дека секој од нас добро треба да ги замисли некои работи. Има аргументи, неколкумина од тие што добро ќе го сведочат дека Аребен Џафери не е само пратеник во ова Собранието, тој

истовремено е и претседател на ДПА и секој потег, секоја иницијатива во форма дискредитирање на личноста, верувам дека не е во интерес ниту на Собранието , ниту на целокупната политика што се инсистира да се приложи.

На крајот на краиштата секој треба да биде свесен и одговорен за актот, формата и начинот на своето делување.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Хисен Рамадани има збор.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги, јас се разбира, ова го сфаќам како организационо прашање во рамките на Собранието и не мислам дека треба да се разглаба сета политичка, да кажам, состојба во Републиката, меѓутоа, сакав неколку збора да кажам по овој повод и по предлогот на Комисијата во врска со мандатот на г-дин Арбен Џафери. Лично мислам дека е штета за Собранието што Арбен Џафери не присуствува на седницата на Собранието. Јас ги знам мотивите сме ги прочитале, емоцијата е доставена до претседателот, низа прашања од тие што се изнесени таму се од големо значење и можат да бидат мотив и за неприсуството на седницата. Се разбира, не мора да се сложи г-дин Џафери со мене, но мислам дека и тие причини и таа аргументација ќе беше добра да беше и во Собранието. Тоа е мое мислење. И уште нешто, мислам зошто е штета што Арбен Џафери не е тука. Тој е, сепак, специфична и оригинална политичка личност во политичкото мислење на Македонија денес. Дури и пошироко, би рекол. Независно од тоа колку кој од нас одредени работи како политички позиции има вредносен систем ваков или онаков, тој е сепак една креативна личност во политичка мисла, која на еден оригинален начин ги излага своите концепции и морам да кажам дека е личност која со

својата вокација политичка, која еве да кажам уште веднаш е оригинална и привлекува. Ги привлекува и оние кои што се слагаат со него, но и оние кои што не се слагаат со него. И тоа е голема вредност. Па, не е случајно ако го исклучиме претседателот на Републиката, Арбен Џафери е поприсутен во печатот во Македонија, па и пошироко, но и на македонски јазик во Македонија, повеќе и од многу други функционери високи. Не е случајна појава, сакам да кажам дека таков политички профил нам ни треба, не затоа што се слагаме или не се слагаме секогаш, туку тој е едно одредено богатство кое што треба оваа Република да го..користи. Да го користи во онаа смисла, која што потенцира, побудува на размислување. Очигледно побудува штом толку за тоа и за неговите излагања се расправа.

Да се разбереме, ние на крајот на краиштата, човек најмногу учи од оној што не се слага, да знаете, од оној што се слага, ништо не научил. Тоа е стара филозофија. Јас со тоа не кажа  дека со секој став на Арбен Џафери се слагам. Но, мислам дека негова преголема апстракција ме храни на некој начин, иако него го празни, бидејќи можеби го оддалечува од реалноста. Но, тоа е друга тема. За тоа треба да се седне и да се расправа и овде во Собранието тоа би било интересно да се расправа. Сакав да кажам дека вокационата негова снага креативна е корисна за сите, тоа сакав да кажам и треба од тоа да се извлече одредена поука и затоа се изрази на почетокот за жалењето што не е тука и што и тука тие свои опсервации ги изнесе.

Второто, мислам дека оваа расправа во оваа смисла е сега и прашање што се сака. Јас мислам дека расправата и сето ова е во полза на Арбен Џафери. Затоа што еве расправаме за еден мандат, кој што констатираме дека е тој присутен во Собранието, дали бил или не бил, тој е присутен во јавноста. Тој е јавна личност, господа, и ние со одземање на мандатот не му ја земаме неговата јавност, неговото

присуство во јавноста. Можеби и го стимулираме со тоа повеќе. Ма, јас би сакал да биде и едно и друго, да биде тука во Собранието.

Трето, не знам дали тој би се кандидирал повторно кога би дошло до одземање на мандатот, иако јас верувам дека нема да дојде до тоа. Кога би дошло до тоа под претпоставка да се кандидира повторно што мислите, што ќе се случи? Ќе добие апсолутно. Сакам да уверувам сега зошто овде да повторуваме процеси кои што ни се однапред јасни. Зошто повторуваме? А што ни е мотивот за да не влеземе во ваква операција, која е контрапродуктивна, а тоа е и .самиот Устав. Уставот нема императивна одредба по ова прашање, туку има упатна, ако Собранието тоа го оцени. Значи, може, а мислам дека тоа може да дава можност да оцени дали е корисно или не е корисно. Јас тврдам дека оваа постапка би била некорисна и штетна и предлагам мандатот да не му се одземе на г-дин Арбен Џафери.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, ќе се обидам во моето кратко излагање по однос на ова прашање да не бидам во улога на портпарол на г-динот Џафери, затоа што сметам дека доколку тој имал да каже нешто во ова Собрание, тој би дошол, би го кажал барем на оваа седница кога се расправа лично за него. Така што сите овие прашања околу тоа каква е тој личност, што тој направил, што тој значи на политичката сцена на Република Македонија, сметам дека треба да го оставиме кога ќе се решава за неговиот мандат во изборите. Тогаш електоратот, избирачите ќе кажат дали го прифаќаат неговиот ред на размислување и на однесување или не. Мислам дека во оваа смисла

на некој начин јас го искажувам ставот на нашата партија, мислам дека непотребно Собранието се вовлекува во едно прашање кое што навистина е од чиста политичка природа. Мене ми е жал што Комисијата, која што еднаш навистина изгради еден таков став, став кој што јас уште од почетокот го изнесував, став кој што го прифати после едно кратко размислување и целата Комисија, за жал, од не знам какво влијание, се менува и тоа се менува непотребно. Се поставува во Собранието едно прашање кое што, повторувам, е чисто прашање на односот меѓу пратеникот и неговите избирачи.

Инаку, сметам дека нема никаќ1в'а причина Собранието да се вовлече во толкување на членот 65 или кој што е таму за одземање на мандатот, бидејќи пратеникот во овој случај го оправдува своето неотсуство. Тој изнесува причини по кои не сака да присуствува во Собранието и мислам дека ние немаме што понатаму да ги коментираме тие причини. Со тоа, мислам дека со оваа точка, јас предлагам предлагачот, Комисијата да го повлече од дневниот ред и оваа расправа да заврши.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, очигледно една работа што требаше по логика на нештата, како редовна обврска на компетентните во ова Собрание, да биде веќе регулирана сакаме да ја прикажеме сега како грешка, што некој се дрзнал да пред ложи почитување на Уставот, да се заштити дигнитетот .

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Со тоа што ние сега тука се претвораме во една судница и сега ние дискутираме за лични карактеристики, квалитети, или неквалитети, а имаме една чиста состојба. Ако овој законодавен дом не го почитува Уставот колеги пратеници, дами и господа, од кого ние ќе очекуваме во државата тоа да го прави, ако ние не го почитуваме, ако ние го кршиме. Некој рече зошто не бил одземен мандатот веднаш и сега значи таа толерантност веројатно и сугестии да се врати во Парламентот се сметаат сега* како негативност на луѓето кои што имале сигурно многу пошироки ставови и не го направиле тоа. Меѓутоа, не можам да се сложам дека Уставот донел некој свој член кој што нема никогаш да го примениме. Еднаш мора да почнеме ние да санкционираме она што Уставот го налага. Меѓутоа, Уставот убаво вели дека Парламентот се изјаснува со 2/3 мнозинство. Значи дал една многу висока, една висока процентуална застапеност на оние кои што ќе треба да го дадат гласот за вакви случаи. Долго време се манипулираше и се злоупотребуваше дека отсуството на пратеникот Џафери е од политички причини. Јас ве прашувам, од кои причини ние дојдовме овде господа? Не дојдовме ние овде да бидеме прислужници, нека ми извинат и хаузмајстори, туку дојдовме од политички причини, претставници на политички партии, независни кандидати и тн. Како сега да биде оправдување, јас не доаѓам од политички причини, бидејќи не ми се дозволува од оваа говорница да зборувам и на друг јазик со кој што не е предвидено да се зборува во Парламентот, или барам да бидам признат за народ и јас и затоа не доаѓам во Парламентот и ќе ми давате мене личен доход и ќе ме толерирате. Ние да ги оставиме индивидуалните квалитети и слично. Ние овде имаме една многу јасна состојба, дали пратеникот или било кој друг пратеник доаѓал, или не доаѓал на седници. Евидентно е дека

поминаа веќе две години од отсуството. Не е точно дека не се преземени мерки. Јас интервенирав на два пати, еднаш уште во март минатата година кога поминаа шест месеци, втор пат потоа во септември и не бев задоволен од прифаќањето на Комисијата дека има оправдување бидејќи се политички причини за недоаѓање. И не се поставува оваа точка денес на дневен ред, јас ќе ве потсетам дека конечно оваа точка е поставена во март оваа година за да на Комисијата помине во јуни месец, а актот тука е нотиран како 22.05. Тоа што имавме ние долги седници што Комисијата нормално мораше да расправа на повеќе пати изрази желба да и пратеникот за кој што се работи биде присутен. Една, или две седници беа одложени во смисол да се чуе мислењето и ставот на пратеникот. Недоаѓањето за мене е негација на овој дом. Секој кој што ќе се обиде да изнаоѓа оправдување под некои други мотиви практично е негација на нашето присуство тука, вклучувајќи го и личното присуство ако некој мисли поинаку. Да не се доаѓа и да се доаѓа не е исто. Ние потпишавме си- те изјави дека доброволно се кандидираме за републички пратеници. Никој не не примора. И тие стојат во документацијата.

Второ, јас морам да укажам дека премногу се експлоатира лекторатот. Пратеникот Арбен Џафери е избран за пратеник како не-зависен кандидат. Факт кој што мора да се земе во предвид. Тука сега се препишуваат епитети на партиска припадност и сл.

Трето, во таа изборна единица 30 и повеќе посто се од не-албанско население, можеби 35%. Дали тие граѓани таму се оштетени што немаат претставник во овој дом. Зошто дами и господа вие влегувате во политички замки да Арбен Џафери го идентификувате само со пратеник од албанците, од Тетово. Дали смееме ние така да се однесуваме? Зошто ние ги обесправуваме тие граѓани да не можат да

контактираат со пратеникот од нивната изборна единица. Зошто? Априори значи тие немаат шанса да дојдат во контакт, затоа што тој пратеник не доаѓа во ова Собрание. Тоа се фундаментални основи на една парламентарна демократија. Кај мене доаѓаат и турци и албанци и роми и срби, сите, јас ги прифаќам, разговарам, примам и сугестии, им помагам на тие луѓе, овозможувам контакти и тука и надвор и во извршната власт и секаде каде што имаме ние авторитети, фала богу отворена ни е вратата. Сега цел еден дел на Тетово, третина од градот Тетово ние сме ја елиминирале да не ^р^се да живее, да нема спрега со овој Парламент две години и повеќе. Тука нема место за убедувања и за префрлања, за етикетирање дека некој поднесува иницијативи и тн. Ние ако сме пратеници повикани сме да поднесуваме и иницијативи и да предлагаме закони и промени на закони и сл. Тоа е нашата работа и за тоа ние сме платени. Не сме ние платени дами и господа само да го буниме народот, само да создаваме конфликти и да му ветуваме нешто што знаеме дека никогаш не може да се оствари. И сега во една состојба кога ова Собрание веќе закаснето треба да донесе одлука пред целата јавност, пред сите граѓани во краен случај ние тука добиваме и одредена надокнада за она што го реализираме тука. Не може работата во Парламентот да биде паушална и да биде волонтаристичка. Уставот бил сосема коректен, не предвидел месец, два, или три месеци, туку предвидел шест месеци. На тоа две години ние повторно сега крив е Томислав што поднел иницијатива. Јас дами и господа го обелувам образот на сите вас, да знаете. Вие ќе излезете кај вашите граѓани, сите ќе ви го постават тоа прашање без оглед на партиска и национална припадност, ви гарантирам. Како може ние да издвојуваме даноци, да плаќаме некому личен доход, а тој да не доаѓа во Парламентот. Две години и повеќе. Ние сега дали сакаме да штитиме нешто што немаме аргументи, или целиот свој авторитет и кредибилитет ќе го ставиме

на коцка. Не би сакал тоа да го направиме. И сугерирам нема потреба од политичка расправа. Имаме чист и јасен став во Уставот точно прецизиран, услови кога се одзема мандат на пратеник во Собрание. Жалам што тоа не го направија повикани, покомпетентни и поодговорни, но веројатно преовладеа нивното чувство за ширина дека пратеникот ќе ја увиди својата грешка. Инаку јас потполно сум согласен дека во овој Парламент е драгоцено ако лидерите на политичките партии се присутни. Тука ќе се видиме, ќе дискутираме, наместо да слушаме со и сешто надвор од овој законодавен, дом. Како ние ќе гради- ме парламентарна демократија, со неа секаде се гордееме и треба да се гордееме, како ние ќе тврдиме дека одиме чекор напред ако ние нашите активности не ги насочуваме во центарот на демократијата во овој Парламент, туку ги насочуваме надвор од Парламентот и дури некој тоа го кажа како пофален збор, и надвор од државата. Мислам дека пратеник се избира за пратеник во македонскиот Парламент, во Парламентот на Република Македонија. И тука е местото пред се за сите активности. Сигурно дека никој не може да ни го ограничи правото и за други активности и тоа го правиме сите, но ако сме избрани од граѓаните, од народот, тука ни е местото. Се друго не можеме да го прифатиме и не може да биде тоа во ред.

Прашањето на она леб и камен, мислам дека се изврти. Ние даваме леб некому, а тој со камен целата држава ја профанисува во светот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас лично како пратеник со многу политички ставови и со господинот

Арбен Џафери не се сложувам. Во многу моменти мое лично видување е дека работи против Македонија, некогаш против албанскиот идентитет во Македонија. Но, сега се наоѓаме во една специфична ситуација ка- де што треба да дискутираме за пратеник. Треба да се обмисли малку дали во овој законодавен дом требаше да се постави ова прашање. Од многу причини подобро ќе беше да не се спомнеше името на Џафери, туку сега му правиме рејтинг. Ова е невиден реитинг и мислам дека Џафери треба да не части сите нас затоа што е ставен на дневен ред. Како ќе одекне ова во Европа, во светот?„Оние политички ставови што Арбен Џафери ги носи низ^светот, низ Европа што ги критикуваме ние тука дека не се слагаме, сега ќе ги потврдиме, како во Стразбур во Советот на Европа ќе се каже дека е одземен имунитетот на еден пратеник. Иако Уставот кажува дека со двотретинско мнозинство ние можеме само како овој законодавен дом за неговото недоаѓање да се најде некоја форма и Комисијата да донесе некои санкции, да нема плата, надомест. Имунитетот ние не можеме да му го одземеме, бидејќи не сме му го дале ние имунитетот. Лекторатот го гласал и само лекторатот може да му го земе имунитетот. Умно ќе беше овој предлог да се повлечеше затоа што во салата нема двотретинско мнозинство, како и за многу законски проекти кои сме ги повлекле бидејќи немало двотретинско мнозинство. И му правиме голема пропаганда и голем реитинг му дигаме на Арбен Џафери. Мислам дека ова прашање треба да се тргне од дневниот ред.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ако ми дозволите јас накратко само би ги искажал ставовите во врска со оваа точка од дневниот ред, односно одземањето на мандатот на господинот Арбен Џафери. Од кои причини? Мислам дека ние немаме намера да

учествуваме во оваа расправа. Меѓутоа должен сум да ги кажам ставовите на пратеничката група.

Прво, мислам дека не станува збор воопшто за политичко прашање како што некој овде спомна, туку станува збор за едно типично формално правно и би рекол институционално прашање, да би- де јасно, затоа што политичко во смисла како што беше од страна на пратеничката група на ДПА спомнато со изложување на ставови, или опции, или емоции итн. на господинот Арбен Џафери немаме намера да разговараме, бидејќи тој тука лично не"*е присутен. Така што со присуство на негови адвокати немаме намера да полемизираме. Инаку познати се нашите ставови на СДС виза ви политиката на господинот Арбен Џафери и на неговата пратеничка група. Тоа да биде јасно, мислам број еден.

Второ, сметаме зошто е институционално и формално правно од причина дека ако понатаму се продолжи да се толерира една ваква практика, тогаш јас би поставил една хипотетичка теза што би се случило ако мнозинството 61 пратеници почнеме да ја обавуваме нашата пратеничка функција во простори и време приватно. Тогаш се поставува прашањето на целисходноста на постоењето на демократски избраните институции во оваа држава. Тоа е второ што треба да биде Трето, јасно. точно е дека во избраните парламентарни институции како што е ова Собрание да се води одредена политичка тактика, да се отсуствува, да се влегува, да се излегува и сето тоа, меѓутоа тоа мора да биде повторно во рамките на Уставот и на законите на оваа држава.

Четврто, единствено можам да имам некое разбирање за неговото отсуство доколку тој покажува солидарност со другите опозициони лидери, тоа сметам на ВМРО-ДПНЕ, на ЛДПА кои што не се присутни во ова Собрание.

III/7.-

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, на мене лично ми е многу тешко денеска што излегов овде да зборувам, меѓутоа потстрекнат од дискусиите на поединци кој што рекол и како рекол, ќе се потрудам во неколку реченици да кажам некои зборови кои што би биле основни за сите нас овде. Извинете немам намера да ви солам памет како да се однесуваме. Како што беше речено ако го исклучиме претседателот Киро Глигоров најповеќе се зборува и се пишува за господинот Арбен Џ,афери. Јас лично не го познавам добро него. Овде два,три пати си направивме здраво живо и во УНПРЕДЕП два-три пати се сретнавме и ништо повеќе. Меѓутоа пишувањето по весници и давањето изјави зависи во каква конотација е сето ова. Нашите новинари, нашите весници се навикнати да пишуваат колку е полошо толку повеќе да пишуваат. Да се биде народен трибун тоа значи да се биде елоквентен, го сакаат и пријателите и душманите, елоквенција голема. Тоа значи ќе ни беше многу потребен да биде овде за да се смири некоја друга тензија, да не дојде до нешто полошо, до она до што дојдовме. И што е тоа што не беше пристојно овде. Дали има дел во она што се случи, или не, тоа ќе го кажеме кога ќе разговараме за меѓунационалните односи. Јас сакам да кажам дека се слагам ова прашање пред се е прашање на уставните постапки. И некни имав едно интервју во една мала приватна радио-телевизиска куќа БТР околу саат ипол време и прашање од гледачи, од македонци. Зошто немате кворум? Зошто ги одлагате седниците? Одговорот е тој, некој не доаѓа заради ова, некој заради она, не- кој заради неслагање итн., а просто речено плата си зимаме сите, дали е голема таа плата, или е мала, некој не ја зема ич, некој нема и што да јаде, без вечера спие, а ние имало, немало, по нешто земаме и тоа не е тоа по нешто, туку во однос на други тоа е големо нешто. Овде нашите новинари едно време 199 2 година се

сложија, се договорија, па избираа, предлагаа мистер на Парламентот, народен трибун итн. што би предложиле сега нашите новинари и кого би предложиле, дали имаме такви лица. Јас познавам доста луѓе политичари и од она време што било многу лошо, ова што викам "многу лошо". Јас сум:-многу отворен човек и немам што тука. Значи и од она време што било многу лошо и од ова време познавам луѓе кои што се многу изградени и политички, добри познавачи на економијата, добри познавачи на дипломатијата и на се она што ја прави една држава, држава. Ние токму од вакви ситуации не можеме да одиме напред во економијата, токму од вакви ситуации. Секогаш кога требало светот на нас да ни помогне, секогаш искачале некои такви ѓаволи што ќе направат нешто што луѓето немаат доверба во нас. Ете тоа е тоа. И заради тоа мислам дека иако не сум убеден за она за што се зборува за господинот Арбен Џафери, дај боже нека се избере пак, меѓутоа ако пак не дојде шест месеци овде, пак ќе биде, заради тоа што Уставот тоа ни кажува. А да дојде добро е. Ќе ни помогне односите да ги порамњаме на некој начин, да се разбереме. Вака со кого ќе се разбереме? Нема со кого. И да ви кажам една работа едно младо момче, млад господин уште 1994 година ми рече вака: "Господине Абди и татко ми велеше и јас знам и не знам кој од кој крај имате голем респект од сите, имате голем авторитет, имате ова, она",се во суперлативи. Од сега за мене ќе се зборува така. Јас ќе ви честитам само внимавајте во каква конотација, внимавајте што ќе кажете и внимавајте како ќе се однесувате, ова е Македонија.

IV/1/CJ/ЛЈ

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас само многу кратко ќе се задржам, не сакам многу да се пуштам во расправа бидејќи се зборува за пратеник кој во моментот не е присутен во салата, само сакам да кажам, едно мое мислење дека ако денеска евентуално пратениците се одлучат да му го одземат мандатот на пратеникот, јас мислам дека ќе направиме една голема грешка, ќе навлеземе во една опасна замка во демократијата, затоа што секогаш постои можност, а ја има таа практика и во другиот свет, да може на овој начин да се изразуваат нивните политички ставови, на одреден пратеник или на одредена политичка партија.

Имаше ситуација кога во Албанија една цела пратеничка група не учествуваше во работата на парламентот и дали тука ќе имавме права демократија ако во тој парламент со 80 пратеници се одплучуваше, евентуално, да им се одземе на сите тие пратеници мандатот, а мандатот се знае каде се добива и кај се губи. Мандатот се добива на избори и се губи на избори. Ако ние се пуштиме во ова, секогаш постои огромен ризик, една цела пратеничка група да не учествува во Собранието и секогаш да се најдат 80 пратеници кои ќе гласаат да му го одземат мандатот. И што тоа значи? На индиректен начин волјата на граѓаните место на избори, ќе се одлучува од овде.

Втора работа, г-динот Томе Стојановски, не сакам воопшто да спомнувам имиња вели дека неправдени се дел од избирачите кои не гласале затоа што нема кој да ги претставува. јас мислам дека едно такво размислување е многу добро размислување затоа што на праг се пакет изборни закони м тогаш ќе размислуваме како ќе најдеме начин тие избирачи кои евентуално ива да гласаат за мене ќе најдат друг начин да ги претставувам, тоа е начин со комбиниран модел каде ќе најдеме начин како ќе бидат тие претставени иако во тој момент не се тие ако евентуално би добил на изборите со мнозинскиот систем. Тоа е наш

пропуст и затоа треба да размислиме.. Пред нас се изборните закони и тогаш ќе најдеме начин како може да бидат претставени евентуални тие што во моментот нема да се одлучат за кандидати со мнозинскиот систем.

Инаку, мислам дека голема грешка голем удар во демократијата ако ние одлучиме мандатот да им го одземаме и да им го даваме овде во Собранието затоа што многу јасно е како се добива и како се губи мандатот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Панчо Минов, деловничка интервенција.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас како претходник на Комисијата која го предлага одземањето на мандатот на пратеникот Џафери, инспириран оди расправата сакам да сугерирам дека се работи за една изворна надлежност на Комисијата меѓу другите свои надлежности, ете како матична комисија да го има правото да во случајот, како што е конкретниот случај на над две годишно отсуство од работа и одлучување во парламентот на пратеникот Арбен Џафери предложи одземање на неговиот мандат што го утврдува Собранието.

Ние како Комисија тргнувајќи од фактот што толкав голем период навреме се отсуствува од работата на Собранието пред почитувајќи ги и компаративните сознанија од парламенти во Западна Европа, развиени парламентарни држави каде што политичките причини не се неоправдано отсуство, но, другите факти кои ги повторувам, застапување на права и интереси на граѓаните бирачи од односната изборна единица, остварување на права и обврски на пратеник во парламентот и моралниот момент не работење а земање на плата надомест и сите други примања, предлагаме да утврди овој парламент дали се тие, ние сметаме дека тоа се исполнети услови на неоправдано отсуство од работата и треба со гласање, со чин на гласање да донесе одлука овој парламент да го утврди дали е основот на отсуството оправдан или неоправдан. Во таа насока мојата интервенција е расправата за некакво коментирање со толкување политички аспект на прашањето организационен аспект, мислам дека нема потреба, но предлагам сугестија ако има, бидејќи ако е условот дво третинско мнозинство, ако има над 80 пратеници да се изврши директно чинот на гласањето.

IV/3

Кажувајќи дека не е политичко прашање еден одговор и до колегата Поповски. Јас би рекол не солидарност со опозиционите лидери што тој ги кажа, може да се толкува ако веќе се пуштиме во таква политичка расправа, не со опозиционите лидери со ВМРО ДПМНЕ и ЛДП, може да се толкува и како солидарност со лидерот на СДС кој исто така не е присутен овде во парламентот. Така да се исклучи таа политичка конотација на коментарот по ова прашање. Една сугестија за г-динот Поповски прашањето е конкретно, се работи за предлог од матична комисија за исполнетост на условите за неоправдано отсуство кое ние го предлагаме, а вие како парламент и јас треба со чинот на гласање да го одлучиме тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Поповски, реплика.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам ако г-динот Панчо не ме разбрал, меѓутоа од целото мое излагање, а верувам дека е толку политички способен да сватеше дека станува збор за една суптилна поддршка на неговиот предлог.

Второ, јас реков, прецизен бев, ако единствена причина односно разбирање за тоа што Арбен Џафери не е присутен во оваа сапа можам да го подразберам кога станува збор за солидарност со другите опозициони лидери. Бев јасен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Панчо Минов, реплика.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Мене голема политичка способност да го разберам колегата Половски, навистина не ми треба. Јас многу убаво го разбрав него, туку јас сакам да кажам дека прашањето не е таков карактер да побудува политичка дебата, на што иако поддршка дава на предлогот на Комисијата пратеничката група на СДСМ, известителот Поповски го искористи во една политичка конотација која што надоврзува, може да се толкува не само отсуството како солидарност на Џафери со другите опозициони лидери, може да се толкува и како негова солидарност и со отсуство на лидерот на СДС кој исто така, не е тука.

(Реакција на некои од пратениците во салата)

Па, добро, орел и лав, дискутира и тн. итн., да не повторуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Јас ќе бидам многу краток со мојата дискусија и зборувам едновремено како член на Комисијата за мандатно имунитетни прашања.

За Арбен Џафери долго време ние расправавме во Комисија за одземање, односно неодземање на мандатот. И, во последно време во самата Комисија дури и претседателот на Комисијата меѓу другото, рече дека не може да му се одземе мандатот поради политички причини. И, тоа беше како заклучок дека не може да му се одземе мандатот поради политички причини. Сега, испаѓа дека мандатот на г-дин Арбен Џафери значи не му се одзема поради тоа што тој не бил присутен скоро две години, туку токму од политички причини.

Ова за мене е несфатливо и малку апсурдно и сега испаѓа ако повеќето од нас овде не се сложиме со ставовите на Арбен Џафери како претседател на една сериозна политичка партија тоа е друго сфаќање, тоа е друго прашање. За мене тоа не е јасно зошто сега ние ги менуваме ставовите, значи до пред извесно време дека поради политички причини не може да му се одземе мандатот, а сега може да му се одземе мандатот.

Во спротивно, ако беше така како што се вели, дека тој не доаѓал на седниците на овој парламент тогаш требаше да му се одземе мандатот по истекување на шест месеци недоаѓање на овој парламент. На Арбен Џафери се сака да му се одземе мандатот затоа што се наоѓа на чело на една партија, не знам зошто токму сега ќе најде за сходно за да му се одземе мандатот.

Ова го сакаат може би и негови политички противници кои и не бираат средства кога е во прашање оваа личност и овој авторитет. Тоа се гледаше и во текот на расправата кога расправавме за настаните во Гостивар и во Тетово, кога постојано, дури и никој не му обрна внимание на некои колеги овде што го ставиле на мета г-дин Арбен Џафери и Руфи Османи иако тие не беа на дневен ред.

Второ, Арбен Џафери за овој период ова што ќе го кажам, беше речено и пред Комисијата за мандатно имунитетни прашања, беше многу децидно речено дека Арбен Џафери само формално не присуствуваше во овој законодавен дом што значи дека тој само физички не беше присутен, од работата на овој законодавен дом, тој се обрати многу пати со писма, сугестии, барања, предлози друго до овој парламент. Јас знам има овде поедини пратеници во ова собрание кој што можда, хипотетично тоа го велам, може би воопшто не учествувале во расправите и дискусиите што за поедини закони или предлог закони и сега да не дојдат на дневен ред и тие пратеници кои што само физички се присутни, а не се ангажирани за решавање на поедини проблеми. Ми се чини дека може да се направи една таква споредба.

Во случај да му се одземе мандатот на г-дин Арбен Џафери тоа може да се разбере и како обид за политички линч на еден лидер односно на лидерот на ДПА.

Ние не треба а се служиме овде со етикети, етикети од минатото кога е во прашање една личност, еден претседател, на една партија затоа што на крајот на краиштата ние не можеме да му затвориме уста на претседателот на ДПА Арбен Џафери што тој зборувал и што тој дискутира во својата партија или во интервју со други новинари и медии. И, ние не можеме овде да прејудицираме дека ако не му го одземеме мандатот на Арбен Џафери ќе биде ова или ќе биде нешто затоа што на крајот на краиштата ние зборуваме и велиме дека сме демократско општество, плурално општество и тој доколку не е во право со неговите ставови има други начини и други форми преку кои со аргументи може да му се спротивставува дека тој не е во право.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Бранко Арсовски

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Бидејќи на дневен ред е едно такво прашање која не бара една голема анализа ниту елаборација, јас сакам да се потсетам дека ова е за прв пат ние во парламентот да расправаме за одземање на мандат на еден пратеник, меѓутоа, еве и тоа доаѓа, сосема оправдано заради тоа

што своевремено се определивме во Уставот и утврдивме само два члена кои ги регулираат односите на еден пратеник. Тоа е член 65 и таму кажавме, сите се сложивме тука што гласалвме за Уставот, рековме дека секој пратеник кој не доаѓа на седници најмалку шест месеци треба да му се одземе мандатот односно треба да се покрене постапка за одземање на мандатот.

И, вториот дел, еден член кој вика дека за пратениците не треба да има отповикување односно пратениците за својот мандат за нив не може да се води постапка, да се отповика. Тоа се само два члена.

И за мене гледано од формално правен аспект, мислам тука нема дилема. Зошто е покрената постапка тоа е сосема оправдано, може би за нас за секој од пратениците може да се покрене и мислам дека тоа е во ред и не треба да имаме таква критика према г-динот Стојановски што покрена таква иницијатива, меѓутоа, јас имам една сериозна критика према претседателството на Собранието кое веќе две години е отсутен овој пратеник, а не се покренало такво прашање. Сега дискутабилно е прашањето, зошто, како, што, има оправдување од разни аспекти. Може би и што не се покренало има своја вредност. Ова што се покренува пак има некоја вредност, може би во извесна смисла.

Меѓутоа, јас сакам да кажам нешто повеќе во еден друг дел, лично метам дека ние како пратеници тука што сме присутни во парламентот, колку придонесуваме, не придонесуваме, тоа е прашање за себе, секој пратеник треба индивидуално тоа и да го оцени и тука ниту смеам, ниту имам право тоа да го правам. Меѓутоа, лично имам право да реагирам кога нашиот претседател на Собранието на Република Македонија реагираше многу повеќе пати да каже дека дајте пратеници бидете многу поодговорни и бидете поприсутни во оваа сапа за да можеме да ги носиме позитивните законски прописи кои ги регулираат односите во оваа држава. Знаете, во тој дел, мислам дека имаме голема критика во најголемиот дел пратеници, меѓутоа, дури сега јас користам прилика да побарам од претседателот да направи стручната служба една сериозна информација и да даде поодделно за секој пратеник колку бил присутен во овој парламент и колку било оправдано и неоправдано. Имам чувство дека еден дел на пратеници доаѓаат на три месеци, на четири месеци, пет месеци итн., е присутен во Парламентот, па го задоволува овој дел

од шест месеци да не биде ставен на дневниот ред, пак сега паузира, има апстиненција за некои четири пет месеци и овој парламент секогаш е доведен во позиција дали може да работи или не.

Јас чесно како пратеник доаѓам во 8,00 или 9,00 часот, гледам дека во салата има 30-40 пратеници, па ги молиме пратениците од врата, дајте дојдете, молиме, само за еден, за два, за три, за пет итн. итн.

V/1 ДВ/ПН

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (Продолжение)

Самите ние пратеници се доведуваме во една сериозна криза. Па дури и тоа дали не е морален чин. Јас вела дека е морален. Зошто? Неморално е еден пратеник да биде избран од народот, народот да гласа, да му даде доверба, да му носи некој закон, да го претставува во овој дом, а тој да се игра со овој дом, не доаѓам, доаѓам и тн. Секоја чест на оние големи оправдувања. Има луѓе кои имаат и свое оправдуваше, имаат работни обврски, животни обврски итн. Меѓутоа, навиката 'Кај голем број пратеници се создаде за тие да бидат отсутни.

Според мене сега што го поставуваме тоа прашање, тоа е девалвирана работа, од аспект, ако направиме една севкупна анализа ќе дојдеме во ситуација за многу пратеници да мора да се покренува некоја постапка. Но, добро е. Чисто е за мене, дека има принципиелен аспект, има морален аспект, има повреда на Уставот, има политичка димензија и тука да ја додадам, макар да и тука е дискутабилно тоа прашање.

Сега дали Уставот во себе има императивност по однос на решавање на ова прашање. Ако Уставот имал своја императивност, верувам дека и спонтано ќе се покрене оваа постапка и да се расчисти ова прашање.

Овде дискусијата на г-динот Рамадани ни создаде дилема толкувањето на член 65 во однос на она што е тоа императивност, што е тоа што упатува. Ако е императивност, колку што јас се разбирам во правото, тука нема веќе застој, тука мора да се покрене и тука нема никаква шанса, да спориме и да расправаме, дебати да правиме за еден таков дел. Ако е само сега, дека упатува, тогаш е дискутабилно, секој пратеник и ние треба да разговараме.

Во мене се раѓа идеја, а тоа е таа теза за која наназад 2 месеца размислува. Ние, имено, во Парламентот треба да покренеме иницијатива и тоа треба до крај да го направиме, да направиме закон за пратеници. Закон за пратеници, не Деловник. Деловник е деловничка работа за тоа како јсе работиме овде, кој колку може да зборува итн. Можеби и јас претерувам сега, меѓутоа зборувам за закон за пратеници. Тој закон за пратеници до крај ќе ги регулира сите односи и тогаш јас како пратеник ако не дојдам два пати на седница во текот на месеци, ако не друго, барем ќе бидам материјално казнет, нема да ги добијам привилегиите што ги имам тука како пратеник и второ,ќе ги уживам сите привилегии на оној пратеник кој е редовен односно ги извршувам моите работни задачи од име на пратеник.

Јас во тој контекст што го кажав напред, предлагам до пратениците, дури и до Владата, односно дали тоа до стручната служба, под итно да донесеме еден закон за пратеници кој на некој начин ќе биде и основа за идните пратеници како треба да се однесуваат како пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Устав имаме г-дине Арсовски, Уставот да го почитуваме доволно е.

Инаку, по однос на забелешката дека не е закажана седницата две години, има во извештајот, во предлогот на комисијата има генеза на целиот случај. Инаку ако вие немате ништо против, јас ја прифаќам сугестијата, вие потполнувате листови за присуство овде, а јас секогаш на почетокот на седницата читам кој пратеници најавиле отсуство, значи оправдано се отсутни. Според тоа не е тешко да ви доставиме една

информација за тоа кој на колку седници бил присутен, на кои седници бил отсутен, тоа дали било оправдано или не оправдано.

Молам, кој друг бара збор?

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, господине претседателе, ние денес расправаме за една иницијатива која доаѓа од пратеникот на Демократската партија на Македонија, иницијатива која се однесува за одземање на мандатот на г-динот Џафери.

Господа пратеници, ние знаеме дека мандатот на секој пратеник не произлегува од ова Собрание. Ова Собрание служи само само за верификација на мандатот на секој пратеник, имајќи го предвид фактот дека мандатот на г-динот Џафери е во неговата изборна единица и како таков може само неговите избирачи како иницијатива да го покренат и во Собранието, како иницијатива. А, за одземање на мандатот или неодземање на мандатот, тоа е сосема друга работа.

Јас во овој момент барам од овој законодавен дом и од пратениците во овој случај да дискутираат повеќе зошто не учествува г-динот Џафери во работата на ова Собрание. Кога би се дискутирало за овој проблем, мислам дека би било многу покорисно и за овој законодавен дом и за многу други работи кои се многу важни за Република Македонија. Но, секогаш кај нас се избегнува од некои работи кои се многу облигативни и за овој Парламент и за сите други институции во оваа држава.

Еден од дискутантите во својата дискусија нагласи дека г-динот Џафери работи против Македонија, што не е вистина. Така се гледа на секој Албанец од многу граѓани Македонци, дури и функционери на оваа држава. На многу албанци се гледа така па и на г-динот Џафери.

Господа, некои работи треба да ги прецизираме пред овој Парламент, заради објективно информирање на јавноста. Тука не се работи против македонските интереси. Г-динот Џафери е во функција на заштита на албанските интереси, што е одговорност за секој Албанец денеска, исто така и за секој Македонец. Но, имајќи го предвид фактот дека во овој законодавен дом со најбрутални средства се игнорира албанското прашање и се

Ве молам немојте од место да ми префрлувате. Кога ќе добиеш збор повели кажи се што имаш. Да си ти во мојата состојба сосема нешто друго ќе кажеш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте.

Ве молам и вас Шаќири немојте да разговарате со пратениците.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас на никого не упаѓам од место.

Отворено тука се негираат мноту работи и интересите на Албанците. Зошто не се дискутира за овој проблем. Неприсуството на г-динот Џафери на седниците на Собранието е поврзано со нерешениот албански статус на оваа држава. Г-динот Џафери и како пратеник

презема многу иницијативи, кои од страна на овој законодавен дом не беа земени предвид.

Иако некои смета дека г-динот Џафери не е присутен, јас не се согласувам со таква констатација. Тој е присутен. Неговото неприсуство тој го оправдувал.

За оваа работа што јас ја кажувам пред вас. пред некое време и матичната комисија за мандатот и имунитетот на пратеникот многу јасно и децидно им одговори на сите пратеници дека мандатот на г-динот Џафери не може да..му се одземе од политички причини. Кој се тие политички причини. Зошто ние не ги дискутираме овде. Но, туку секогаш избегнуваме од она што е корисно и што е многу важно за оваа држава. Никогаш овој Парламентот не се одлучил да се ангажира и да се заземе со проблемите кои се многу, многу важни за оваа држава. Многу е лоша констатацијата или мислењето од поедини пратеници кои проблемите и решавањето на проблемите ги гледаат само од еден дел на граѓаните на РМ, само од Македонците.

Господа, да не ви одземам многу време, јас знам од кој пратеник испадна иницијативата. Овој пратеник секогаш некои работи ги иницира и ми остава впечаток дека во овој Парламент го добил статусот на бакардански став, така да кажам, бидејќи некои работи кои се поврзани со Албанците тој тука е најгласен, а јас верувам и убеден сум дека тој не мисли многу добро за оваа држава, бидејќи секој пратеник или одговорна личност кој не гледа право и со одговорност на овие проблеми мислам дека ќе и нанесе голема штета на оваа држава.

На крајот јас предлагам оваа точка да се повлече до дневниот ред, а што се однесува, бидејќи беше и тема на расправа во дадениот

момеит, дека г-динот Џафери прима личен доход од овој Парламент. Точно е тоа дека прима, но треба да знаеме ■ една друга работа. Г-динот Џафери тој личен доход не го прима само од Собранието. Тој личен доход што сите ние пратнеици го примаме е резултат или доаѓа од граѓаните на РМ. Како доаѓа ние знаеме. Постојат многу, многу работи кои нашите економисти ги знаат подобро од мене. Како таков, г-динот Џафери не го добива личниот доход само од Парламентот, како што некој мисли, личниот доход на него му го гарантираат неговите избирачи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, немам намера да се впуштам во политичките оценки заради што пратеникот Арбен Џафери не доаѓа или доаѓа на седниците на Собранието.

Станува збор за сосема легитимно бараше од страна на г-динот Стојановски. Станува збор за сосема чиста работа.

Практично ние денес се впуштивме малку повеќе во политика без потреба, заради тоа што зборуваме за фактички непостоечки мандат, фактички престанат мандат. Ако било кој пратеник две години не дојде на седница на ова Собрание, не знам за каков мандат зборуваме.

Собранието во најмала рака денес констатира дека мандатот на г-динот Арбен Џафери е фактички престанат бидејќи тој две години не

доаѓа. Дали правно ќе му се одземе мандатот или не, сосема е небитно за мене. Битно е дека тој не доаѓа и не ги претставува избирачите од неговата изборна единица.

Околу неговите политички ставови, како кој се брои за правата на Албанците во Македонија е исто така друго прашање. На тој начин како што се бори, ако навистина се зголемува рејтингот, добро е да земеме поука и ние и еден по еден да излеземе сите од овде, па не знам кој ќе работи во ова Собрание и на кој начин ќе се донесуваат законите."

Пратеникот е должен во институциите на системот односно во овој законодавен дом да се бори не само за правата на својата националност или народ, туку едноставно да се бори за доброто на сите граѓани на оваа Република, бидејќи ние сме пратеници за сите граѓани, а не за одредена група на луѓе.

Сметам дека сосема е небитно дали ќе му се одземе мандатот. Битно е дека овој Парламент низ дискусиите, дури и од неговата пратеничка група констатира дека тој две години не доаѓал на седници на собранието. Сосема е доволно избирачите, не од таа изборна единица, туку и другите избирачи во Републиката да знаат дека има пратеници на кои им е доволно да ги изберат, тие да им ветам се, а потоа да ги изнесат на улица и да им кажуваат како треба нивните права да бидат задоволени, а не во институциите на системот каде им е место.

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овде во овој Парламент изгледа дека сме научиле да зборуваме многу големи зборови.

Ме потсети претходниот дискутант за легитимноста и нелегитимноста, одземањето или неодземањето на мандатот г-динот Арбен Џафери.

Тука се поставува прашање, инаку би рекол легитимно е ова, нелегитимно е ова. Ред би било еднаш да се постави една граница помеѓу легитимноста и нелегитимноста.

Некои од претходните дискутанти рекоа дека некои од нас се поставуваат како адвокати на некои други луѓе. Не знам, јас не видов ни еден збор дека некој се обиде да биде како адвокат на Арбен Џафери. Јас добив впечаток дека секој сакаше да изнесе своја независно мислење за тоа дали е оправдано или е неоправдано да му се одземе или да не му се одземе мандатот на г-динот Џафери. Додека ние не сме во состојба односно сме во контрадикција, поголем дел од нас сме во контрадикција со нашите изјави.

**НАЏИ ПУРДЕ:** (Продолжение)

Додека не сме расчистиле дека Арбен Џафери, не само што е претседател на мојата партија, дека Арбен Џафери е политички отсутен од овој дом и физички отсутен. Значи од политички побуди е отсутен тој Физички е отсутен, меѓутоа, тој со својата коресподенција покажа дека не е баш толку отсутен до Парламентот. Тој неколку пати настојувал, преку својата коресподенција да дава и свој сугестии и свои видувања како треба ние да бидеме за решавање на некои проблеми што се од витаен интерес за целава наша Република.

За неговите изјави, вон парламентарни изјави, секоја негова изјава се зема како злонамерна. Господа, секоја негова изјава не може да биде злонамерна. Зошто? Ако е некоја изјава со повисок тон, или со некој зборови што не одговараат на некои луѓе , тогаш не значи дека тие изјави се против интегритетот на Република Македонија, се против македонскиот народ и т.н. Јас мислам дека таквите изјави треба кај нас сите да предизвикуваат такво чувство да се сплотиме и да расправаме и да донесуваме заклучоци дали навистина се тие изјави против македонскиот народ, како што некои во "Кис" , без да ме познава лично мене некој на "Кис" му поставува прашање како Наџи Пурде може да биде именуван како пратеник во Парламентот на Македонија, кога Наџи Пурде бил ваков и ваков за време на комунизмот и ме има оцрнето како најцрн ѓавол. Иако Вие ме гледате тука дека јас не сум бил никогаш таков како што тој, не сакам да го именувам, но се знае кој е тој , зборува на мојот грб дека сум јас антимакедонски расположен и т.н. Значи да се зборува врз грбот на човекот дека е анти,анти и анти, анти, тоа значи во најмала рака една неодговорност и совесна неодговорност. Јас не сакав нему да му речам дека тоа не е правилно да му се зборува на

грбот на човекот, но тој знае кој е тој самиот. Тука јас немам м ногу што да додадам, ако се земе предвид дека Арбен Џафери бил отсутен од овој парламент, макар и две години од политички побуди , неговото гледање на политиката на оваа земја, тогаш оправдано треба да се оквалификува неговото отсуство. Плус тоа неколку пати е иницирано одземањето на мандатот на г-динот Арбен Џафери но никогаш не се успеало. Не знам кои се причините, веројатно постојале причини кои не довеле до една конечна одлука за неговиот проблем. Така да, како што рече и претходниот дискутант би било подобро и за нас да не губиме(време да се повлече од понатамошна расправа проблемот Арбен Џафери.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој) никој

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Молам, да влезат пратениците во салата.

Ве молам, јас кога ја отворив точката за расправа Ве потсетив на член 65 став 4 од Уставот на Република Македонија и мислам дека е беспредметно предлогот на комисијата да го ставам на гласање, бидејќи во салата нема 80 пратеници. По мене има 62 пратеника. Според тоа како и за правата точка за законот за извршната постапка и за оваа точка ќе гласаме во моментот кога во Собранието ќе има такви услови, односно кога ќе има над 80 пратеници.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Скоро три години имам трпение како се прекршува и Уставот и Деловникот. Колку закони досега не можат да бидат изгласани, затоа што нема 80 пратеника, односно двотретинско мнозинство. Кога нема пратеници за двотретинско мнозинство, не само по оваа точка , каде на

дневен ред денеска е одземањето на мандатот на пратеникот Арбен Џафери, туку по било која точка, значи во Парламентот нема расположение да се гласа за таа точка. Према  тоа, може да отпочне процедура, но да се одлага затоа што нема пратеници, тоа не е деловнички, не е воопшто оправдано. Тоа значи дека нема расположение да се гласа. Тие што се присутни значи дека се воздржуваат од гласањето. Затоа барам оваа точка од дневен ред да се симне и ако треба после шест месеци или една година повторно да се иницира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Точката се разбира, по Деловникот може да ја симне само предлагачот и никој друг. а ова се што го кажавте не е во согласност со Деловникот, нити со Уставот.

Предлагам мала измена на редоследот да одиме на 26-та точка, тоа е Предлог аз разрешување на судија на Основниот суд Скопје II и за Предлог на одлука за избор на членови на управниот одбор, па ќе одиме на она комплекс решенија за автентично толкување.

Минуваме на точката 26 - Предлог за разрешување на судија на основниот суд Скопје 11-Скопје.

Предлогот за разрешување на судијата Ви е доставен.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Пред- логот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (47)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Молам, колку пратеници се присутни во салата?

57 пратеници се присутни во салата. Според тоа , немаме услови за работа кога ќе продолжиме ќе Ве известам дополнително.

(Седницата прекина во 13,30 часот.)